Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

# УПАТСТВО
# ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ИЗВОЗНИЦИ И УВОЗНИЦИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Министерството за економија врз основа на член 50 став 1 и став 7 од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи (Службен весник на Република Северна Македонија бр. 98/2019, 27/2020 и 56/2021) и Правилникот за формата и содржината на барањето за запишување во регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи, како и потребните докази и документација ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 271/2020) донесува Решението за упис во Регистарот на на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи

## 1. Постапка за издавање на решението за упис во регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи

1.1. Правното лице е должно да поднесе барање во архивата на Министерството за економија за упис во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи. **(Прилог 1)**

Со барањето се приложуваат следните документи наведени во членот 3 на Правилникот за формата и содржината на барањето за запишување во регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи, и тоа:

1) Барање за упис во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи, со име и презиме, потпис и печат на управителот, лице за контакт и телефонски број;
2) Тековна состојба од Централниот регистар на Република Северна Македонија, со приоритетна дејност трговија на големо со производи од тутун или производство на тутунски производи (шифра 46.35);
3) Доказ за сопственост или договор за закуп на магацински простор, со соодветна опрема за складирање, во оригинална форма или копија заверена на нотар;


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

4) М1/М2 образец за вработено најмалку едно лице со високо образование и најмалку една година работно искуство во трговијата со тутунски и сродни производи;
5) Диплома за завршено високо образование. (доколку дипломата е од друга земја, истата треба да биде нотифицирана);
6) Оригинална уплатница (образец ПП 50) за платена административна такса во износ од 250 денари **(Прилог 2);**
7) Оригинална уплатница (образец ПП 50) за платена административна такса во износ од 50 денари **(Прилог 3).**

1.2. Министерството за економија е должно во рок од 3 дена по приемот на барањето и пропратната документација да ги достави до Државниот пазарен инспекторат за да изврши увид во просториите на правното лице дека се исполнети условите за упис во Регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи.

Државниот пазарен инспеторат е должен во рок од 15 дена од приемот на барањето и пропратните документи од Министерството за економија, да изврши увид и да достави Записник во печатена форма, печат и потпис од овластениот инспектор кој извршил увид.

Врз основа на наодите во Записникот од Државниот пазарен инспекторат, Министерството за економија донесува решение за упис во Регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи или решение за одбивање на барањето за упис, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

## 2. Прием на барањето за упис во Регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи

Правното лице го поднесува барањето заедно со пропратните документи во архивата на Министерството за економија, со седиште: ул. Јуриј Гагарин бр.15, Скопје или по пошта во затворен плик, назначено за Министерството за економија-Сектор за меѓународна трговска соработка.

Сектор за меѓународна трговска соработка
Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

Прием на странки во архивата е секој работен ден од 8.30 часот наутро до 16.00 часот на пладне.

Барањето ќе биде заведено во архивата на Министерството за економија, со датум на прием.

Администратор во Министерството за економија задолжен за спроведување на обврските од Законот за тутун, производи од тутун и сродни производи е следното лице:

- Сашо Трајковски, телефон за контакт: 3093 464
- е-адреса: saso.trajkovski@economy.gov.mk

ПРИЛОГ 1
Образец

_______________________
Архивски број и датум

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
-Сектор за меѓународна трговска соработка

Б А Р А Њ Е
ЗА УПИС ВО РЕГИСТАРОТ НА ИЗВОЗНИЦИ И УВОЗНИЦИ НА ПРОИЗВОДИ ОД ТУТУН И СРОДНИ ПРОИЗВОДИ

Од_____________________________________________________________________________
_____________________________________________________________________________
(Назив и седиште на субјектот)

Бараме да ни се изврши упис во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи:
_____________________________________________________________________________


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Jurij Gagarin" nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

## Сектор за меѓународна трговска соработка
## Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

Означи го видот на производот со ☒

☐ Цигари
☐ Цигарилоси
☐ Пури
☐ Тутун за луле
☐ Тутун за самостојно виткање цигари
☐ Тутун за водено луле (наргиле)
☐ Тутун за шмркање
☐ Тутун за џвакање
☐ Несогорлив тутун
☐ Течност за е-цигара
☐ Растителни (билни) производи за пушење

Кон барањето за упис во Регистарот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи се приложени следниве докази и документи:

- Оригинална Тековна состојба од Централниот регистар, со приоритетна дејност трговија на големо со тутунски производи;
- Доказ за сопственост, или договор за закуп на магацински простор, со соодветна опрема за складирање;
- М1/М2 образец за вработено најмалку едно лице со високо образование;
- Диплома за завршено високо образование;
- Оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 250 денари и
- Оригинална уплатница за платена административна такса во износ од 50 денари.

Телефон и лице за контакт

______________________________

Одговорно лице

______________________________

(име и презиме)

Прилог 2

| Датум на валутата | НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Налогодавач | Примач |
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |


Министерство за економија на Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk
ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073

## Сектор за меѓународна трговска соработка
## Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

| | |
|---|---|
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: 250,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 03161 |
| Цел на дознаката: Уплата за упис во Регистерот на извозници и увозници на производи од тутун и сродни производи | Сметка на буџетски корисник: |
| | Приходна шифра и програма: 722313 00 / Начин: 1 |
| Потпис: | Датум на валута: / Место: |
| Налог ПП50 | |

## Прилог 3

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Датум на валутата:

| Налогодавач | Примач |
|---|---|
| Назив на налогодвачаот: | Назив на налогопримачот: Министерство за финансии |
| Банка на налогодавачот: | Банка на примач: Народна Банка на Република Северна Македонија |
| Трансакциска сметка на налогодавачот: | Трансакциска сметка на налогопримачот: 100000000063095 |

Република Северна Македонија

**Министерство за економија**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Ekonomisë**

## Сектор за меѓународна трговска соработка
## Departamenti i Bashkëpunimit Tregtar Ndërkombëtar

| | |
|---|---|
| Даночен/матичен број или ЕМБС: | Износ: 50,00 МКД |
| Повикување на број (задолжување): | Уплатна сметка: 840 xxx 03161 |
| Цел на дознаката: Административна такса | Сметка на буџетски корисник: |
| Потпис: | Приходна шифра и програма: 722313 00 — Начин: 1 |
| Налог ПП50 | Датум на валута: — Место: |



Министерство за економија на
Република Северна Македонија
Ministria e Ekonomisë së
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Јуриј Гагарин“ бр. 15, Скопје
Република Северна Македонија
Rr.”Jurij Gagarin” nr.15 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3085 347
www.economy.gov.mk

ISO 9001:2008
CERTIFICATE
20 100131300073